# Закон за инспекциски надзор во животната средина

(Сл.весник на РСМ бр.99/2022, 21.04.2022 година)

**Дарко Блинков, Генерален Инспектор за животна средина**

d.blinkov@sei.gov.mk, 075/404-410, www.sei.gov.mk

# Потреба за донесување на Законот

- ✓ Потребата за донесување на Законот произлезе уште во 2015 година, во рамките на ЕУ Твининг Проектот „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за спроведување на законодавството од областа на животната средина".
- ✓ Во 2016 година беше подготвен Нацрт Законот.
- ✓ Постапката за донесување неколку пати беше започната (трипати 2016, 2017 и 2021 година), но истиот конечно на 19.04.2022 година, беше донесен од страна на македонското собрание.

# Потребата за донесување на законот

- ✓ Согласно ЕУ acquis инспекцискиот надзор е уреден во:
- Препораките за минимум критериуми за инспекциски надзор (2001) кои сеуште се во сила (RMCEI);
- Други ЕУ мерки со кои се уредува инспекцискиот надзор: Директива за индустриски емисии, СЕВЕСО Директива, Регулатива за увоз и извоз на отпад.
- ✓ Заради уредување на сите барања на едно место беше одлучено дека на национално ниво е најдобро да се подготви посебен закон во кој ќе се уредат специфичните прашања за инспекциски надзор во животната средина.
- ✓ Доцнењето на донесувањето на овој закон, континуирано беше нотирано во извештаите на ЕК како негативна забелешка и како обврска која е неисполнета.

# Содржина на Законот

- Законот за инспекциски надзор од 2019 година (ЗИН) како т.н рамковен закон за инспекциските служби, превзема дел од одредбите од тогашниот Нацрт Закон за инспекциски надзор во животната средина и концепциски во голема мера е пресликан.
- Овој Закон го следи текстот на ЗИН, но истиот како посебен Закон врши дообјаснување и дополнување на одредбите кои се само генерално уредени или воопшто не се уредени во ЗИН-от.
- Целта на Законот е подетално уредување на инспекцискиот надзор во животната средина заради надминување на проблемите кои постојат при вршењето на инспекцискиот надзор во животната средина.

# ЗИНЖС наспроти ЗИН

## Закон за ИЖС

- Планирање на инспекциски надзор во животната средина (Стратегија за ИНЖС, Програма за ИНЖС и План за инспекциски надзор во животната средина).
- Стручни оспособувања – специјализирани обуки.
- Проценка на ризик – доуредување согласно ЕУ мерките.
- База на податоци и Регистар на субјекти.
- Спроведување на ИНЖС (специфицирање согласно потребите на ИЖС).
- Надзор над законитоста на работата на ЕЛС во делот на инспекциската служба.

## ЗИН

- Годишен и месечни планови за ИН и два Шест месечечни Извештаи за работа на инспекциската служба (за општините не е дефинирана обврска за доставување на Планот/Извештаите на мислење до ИС).
- Генерални обуки.
- Проценка на ризик – генерални критериуми.
- Општо за регистри и содржина на регистри.
- Генерално уредено.

# Главни прашања кои се уредуваат со Законот за инспекциски надзор во животната средина

- ✓ Организација на инспекцискиот надзор во животната средина.
- ✓ Планирање на ИЖС.
- ✓ Спроведување на ИЖС.
- ✓ Надзор над законитоста на работата на органите на ЕЛС во делот на инспекциските служби.

# Организација на инспекцискиот надзор во животната средина

- ✓ Надлежноста и организацијата на инспекцискиот надзор на централно и локално ниво – ОНА што досега беше уредено во повеќе закони сега е уредено во овој закон.
- ✓ Со цел надминување на одредени состојби со административните капацитети, предложени се одредени решенија како што се:
- Задолжително назначување на овластени инспектори за животна средина кои исклучиво ќе ги вршат работите на овластен инспектор за животна средина (не и други работи како што е случај сега).
- Во недостиг на кадар, користење на можноста за меѓуопштинска соработка во инспекцискиот надзор (Законот за меѓуопштинска соработка)
- Обезбедување на поголема специјализација на кадарот по медиуми и области од животната средина.

# Планирање на инспекцискиот надзор во животната средина

✓ Планирање на инспекцискиот надзор е:

- Повеќегодишно – Стратегија (шест години)
- Тригодишно – Програма
- Едногодишно – Годишен план кој се носи согласно ЗИН.

Цел: Планирањето во животната средина мора да опфати покриеност на целата територија на државата, преку соработка и координиран пристап на инспекциските служби со цел да се обезбеди инспекцискиот надзор над сите медиуми и области во животната средина на централно и локално ниво и над сите субјекти.

# Планирање на инспекцискиот надзор во животната средина

- Главен недостаток на сегашниот систем е:
- Недостасува координирано планирање на целата територија на државата, во која ќе бидат вклучени и активности на централно и локално ниво.
- Недоволна координираност на планирањето и соработка во процесот на планирање, која резултира со пропусти или преклопувања во надзорот на одредени медиуми или области или субјекти на надзор.
- Потреба за посериозна анализа на резултатите од извештаите и соодветно планирање со кое ќе се надминат слабостите преку соодветно планирање.

# Планирање на инспекцискиот надзор во животната средина

- Повеќегодишното планирање на инспекциски надзор во животната средина мора да ги следи промените во политиките за животна средина;
- Анализа на утврдените прекршувања се показател за мерките и активностите кои се потребни да се вклучат во политиките за животна средина;
- Планирање на административните капацитети согласно потребите на долг рок, а не ад хок;
- Специјализација на кадарот и навремено планирање на промените настанати како резултат на креирање на политиките за животна средина во насока на поефикасен инспекциски надзор.
- Навремено и повеќегодишно планирање е начин за навремено предвидување и обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните активности во ИЖС.

# Спроведување на инспекциски надзор

- Доуредување на одредени прашања кои се однесуваат на спроведувањето на инспекциски надзор и се генерално уредени во Законот за инспекциски надзор (решенија, листи на проверки, СОПи, методологија и др.)
- Во посебен член уредена е и соработката и координацијата помеѓу инспекторите на централно и локално ниво и меѓународна соработка на инспекторите.

# Надзор над законитоста на работата на ЕЛС

- Надзор над законитоста на работата на ЕЛС врши МЖСПП.
- Надзорот се врши согласно План за надзор.
- МЖСПП формира Комисија за надзор.
- Предмет на надзор се обврските кои произлегуваат од одредбите на овој закон.
- Извештај за спроведен надзор.

# Рокови за исполнување на обврските од Законот

- Стратегија и Програма за инспекциски надзор – две години
- Назначување на овластени инспектори во општините или воспоставување на меѓуопштинска соработка – 31 Декември 2022 година.
- Донесување на подзаконски акти – една година.

# Ви благодарам за вниманието

**ТЕМА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ/ДИСКУСИЈА:**

**ИДНИНАТА НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА**